# Службен гласник
## на Општина Струмица

| Број 10 | Петок , 05 август 2005 год. |
| --- | --- |

**С о д р ж и н а**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА СТРУМИЦА**

стр.

**Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за организација, делокругот и начинот на извршување на задачите на Општинската администрација на општина Струмица ............................................... 184

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ” број 5/02) и член 39 став 1 алинеа 3 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 4/03), а по добиеното Мислење од Агенцијата за државни службеници на Република Македонија бр. 07-3774/2 од 25.07.2005 година, Градоначалникот на општина Струмица, донесе

# Р е ш е н и е

за објавување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за организација, делокругот и начинот на извршување на задачите на Општинската администрација на општина Струмица

1. Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за организација, делокругот и начинот на извршување на задачите на Општинската администрација на Општина Струмица, што Советот на општина Струмица ја донесе на седницата одржана на 21.07.2005 година.

Број 08-1773/3 Градоначалник
04.08.2005 г. на Општина Струмица
С т р у м и ц а Зоран Заев с.р.

………………..

Врз основа на член 57 став 4 од Законот за локалната самоуправа (“Сл. весник на РМ” број 5/02) и член 21 став 1 точка 26 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 4/03), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 21.07.2005 година донесе

## О д л у к а

за изменување и дополнување на Одлуката за организација, делокругот и начинот на извршување на задачите на Општинската администрација на Општина Струмица

### Член 1

Во Одлуката за организација, делокругот и начинот на извршувањето на задачите на општинската администрација на Општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 8/05) во член 5 по зборот “одделенија” се додаваат зборовите “и Територијална пофесионална противпожарна единица на општина Струмица”.

### Член 2

По член 7 се додава нов член 7-а кој гласи:

“Територијалната професионална противпожарна единица на Општината се образува заради вршење на со Закон утврдените работи од обласа на заштитата од пожари”.

### Член 3

Во член 8 став 1 се брише зборот “и”, и по зборот “одделенија” се додава “и Територијална професионална противпожарна единица на општината”.

По точка 4 се додава нова точка 4-а која гласи:

“Територијална професионална противпожарна единица на Општината”.

### Член 4

По член 24 се додава нова глава Г-а и нов член 24-а кои гласат:

"Г-а. Територијална професионална противпожарна единица на Општината.

Член 24-а

Територијалната професионална противпожарна единица ги врши следните работи:

- гасење на пожари на подрачјето на Општината;
- отстранување на непосредната опасност за настанување на пожар;
- спасување на живот на граѓаните и заштита на имотот загрозени од пожари и експлозии;
- укажување техничка помош при незгоди и опасни ситуации;
- извршување на други работи при несреќи и непогоди;
- врши непрофитабилни услуги заради подобрување на техничката опременост и услови за работа, кои не го оневозможуваат или попречуваат вршењето на функцијата од претходните алинеи на овој став;
- заедно со територијалните противпожарни единици на општините на РМ утврдени со Закон, дејствуваат како противпожарни единици на Република Македонија заради оперативно делување при гаснењето големи пожари на целата територија на Република Македонија;
- давање помош кога тоа е побарано при гаснење пожари во други држави;
- водење посебна евиденција за настанатите пожари, експлозии, интервенции за гаснење и интервенции за други настани според единствена методологија и известување на Дирекцијата за заштита и спасување и Општината за тоа;
- периодично испитување и проверка на исправноста на противпожарната опрема со која располага Територијалната професионална противпожарна единица;
- тековна проверка и одржување на механиката;
- давање противпожарно обезбедување на објекти, делегации, јавни собири, спортски и други манифестации, во координација со Министерството за внатрешни работи;
- врши обука од областа на противпожарната заштита на припадници на АРМ;
- едукација на граѓаните за заштита од пожари, преку организација на предавања, преку медиуми и организирање на други активности;
- врши и други работи што ќе и бидат доверени."

Член 5

По член 28 се додава нов член 28-а, кој гласи:

"Работите од член 24-а Територијалната професионална противпожарна единица на општина Струмица ги врши во Струмица во чии рамки функционира команден оперативен центар, противпожарен сервис и автомеханичарски сервис и преку 1 чета со 2 вода и 4 одделенија.

Надлежностите Територијалната професионална противпожарна единица ќе ги врши на територијата на другите општини во Струмичкиот регион за што Градоначалникот на општина Струмица ќе склучи договор.

Со територијалната професионална противпожарна единица на Општината раководи командир.

Во случај на отсуство или спреченост на командирот, со Територијалната професионална противпожарна единица на Општината раководи заменик командир.

Со водот раководи командир на вод, а во случај на отсуство или спреченост на командирот со водот раководи заменик командир на водот.

Со одделението раководи командир на одделение”

Член 6

По член 26 се додава нова глава IV-а, и нов член 26-а кои гласат:

“Евиденција на актите

Во Општината органите на локалната самоуправа и Општинската администрација водат деловодник како основна книга за евиденција на актите.

Посебни деловодници ќе се водат во: Секторот за урбанизам, комунални рботи, заштита на животната средина и локален економски развој, во Одделението за администрирање на приходи и во Територијалната професионална противпожарна единица на Општината.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Сл. гласник на општина Струмица”, а се објавува по добиено мислење од Агенцијата за државни службеници.

Совет на општина Струмица
Претседател,
Зоран Ристов с.р.

Број 07-1773/2
21.07.2005 год.
Струмица